Врз основа на член 32 став 2 алинеја 10, од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Собранието на Федерацијата, на седницата одржана на 26.01.2019 година, донесе

Д Е Л О В Н И К
ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РС МАКЕДОНИЈА

I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се утврдуваат правилата за работа на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија (начинот на работа, изјаснување и одлучување), и други деловнички прашања.

Член 2

Согласно одредбите на Статутот на КФМ Собранието ќе работи во согласност со правилата утврдени со овој Деловник.

Член 3

Извршниот одбор и Одборот за контрола на Федерацијата можат да донесат и посебен Деловник за работа што треба да е во согласност со одредбите на овој Деловник.

Член 4

Одредбите на овој Деловник, за работа на седниците на Собранието на Федерацијата и за одржување на редот на седниците, се применуваат и на сите присутни членови на КФМ и надворешни лица.

Член 5

Работата на Собранието на Федерацијата и на неговите работни тела е јавна, освен во случаи утврдени со закон или со Статутот на Федерацијата, за кои е предвидено одлучување со тајно изјаснување / гласање.

Собранието на Федерацијата, може да одлучи за одредени прашања за кои се расправа и одлучува јавно, седниците да бидат затворени за јавноста.

Собранието на Федерацијата може да одлучи, за одредени прашања за кои се одлучува јавно, односно тајно, донесувањето на одлуките да се врши со тајно, односно јавно изјаснување / гласање.

Член 6

Собранието на Федерацијата и работните тела, работите од својата надлежност ги вршат на седници.

Седниците на Собранието се редовни, а по исклучок за определни прашања за кои треба да се донесе итна одлука, може да се одржи и вонредна седница, за што одлука донесува Претседателот на Федерацијата.

Доколку има итност за донесување на одлука одлуките може да се донесат и без присуство на седницата на Собранието ако членовите на Соранието се изјаснат преку телефонска конференција, електронска пошта, потпишување на акт и на друг начин од кој може да се утврди чинот на изјаснување за определено прашање.

Одредбите од став 3 од овој член не се однесуваат за прашања што се носат на редовно годишно Собрание на КФМ.

Членовите на Собранието, односно на работните тела, одредени работи можат да вршат и надвор од седниците, преку подкомисии и работни групи.

Член 7

Седниците на Собранието на Федерацијата се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно, по правило во месец јануари или февруари.

Состаноците на Извршниот одбор на Федерацијатасе одржуваат по потреба, задолжително пред одржувањето на седницата на Собранието, по прашања од неговата надлежност.

II ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО

1. Права на членовите на Извршниот одбор

Член 8

Членот на Собранието на Федерацијата има право активно да учествува во работата на седниците на Собранието, да го изнесува своето мислење и став по одредено прашање по пишаните материјали кои се разгледуваат на седницата на Собранието и да предлага во пишана форма разгледување на одредено прашање.

Член 9

Членот на Собранието има право во пишана форма од надлежните стручни служби на Федерацијата, од Претседателот на Федерацијата, од тренерите на државните репрезентации и претседателите на комисиите, да бара потребни објаснувања и информации во врска со определни прашања што се од надлежност и се разгледуваат на Собранието.

Членот на Собранието има право да поставува прашања во врска со работата на тренерите на државните репрезентации, комисиите, надлежните стручни службии овластените поединци.

Членот на Собранието има право на седница да поставува прашања на Претседателот на Федерацијата во врска со дневниот ред и други прашања од неговата или надлежноста на Федерацијата.

Членот на Собранието прашањата од став 1, 2 и 3 од овој член задолжително ги доставува во писмена форма.

Одговор на прашањата се даваат на истата седница или во пишана форма во рок од 15 дена се доставуваат во електронска форма до сите членови на Собранието.

Член 10

Членот на Собранието има право на седницата на Собранието, да зборува за прашањата што се на дневен ред.

Членот на Собранието има право да учествува во претресот по предлозите на општите акти, предлог-одлуки и други прашања и материјали што се на дневен ред и право да предлага одлуки, заклучоци и други мерки од надлежност на Собранието.

Членот на Собранието има право на дискусија од 5 (пет) минути, а како предлагач на одлука или друг акт до 10 (десет) минути, со образ-ложение.

Член 11

Членот на Собранието има право на глас по предлози на одлуки што се донесуваат на седницата.

2. Должности на членовите на Собранието

Член 12

Членот на Собранието е должен да присуствува на секоја седница на Собранието.

Ако на седница на Собрание не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот, клубот писмено ќе се предупреди од Федерацијата.

Ако на седници на Собранието не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот и по известувањето од Федерацијата, повторно не присуствува на следното Собрание, на клубот се изрекува мерка согласно Правилникот за работа на дисциплинскиот правилник на КФРСМ.

Ако на седници на Собранието не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот, 3-три пати во текот на последните 5-пет години, на клубот се изрекува мерка согласно Правилникот за работа на дисциплинскиот правилник на КФРСМ, а може да се изречат мерки забрана за вршење дејност (суспензија) или исклучување согласно Правилникот за работа на дисциплинскиот правилник на КФРСМ

Член 13

Членот на Собранието е должен активно и одговорно да ја врши својата функција, а особено:

- да се подготви за секоја седница на Собранието;

- на седницата на Собранието јасно и определено да ги изнесува своите мислења за прашањата што се на дневен ред;

Член 14

Членот на Собранието е должен да се придржува на пропишаниот ред на седницата.

За повреди на редот на седницата и одредбите од овој Деловник спрема членот на Собранието, може да бидат пропишани мерки утврдени со овој Деловник.

III ПОДГОТОВКА НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО

Член 15

Седницата на Собранието ја свикува Претседателот на Федерацијата.

Во отсуство на Претседателот на Федерацијата, по негово овластување, седницата на Собранието ја свикува еден од членовите на Извршниот одбор.

Собранието вонредно може да се свика и по барање на Извршниот одбор на Федерацијата, е должен да свика седница ако тоа го побараат 1/3 од членовите на Собранието, Надзорниот одбор и 1/3 од клубовите членки на Федерацијата.

Седницата на Извршниот одбор се свикува со акт - ПОКАНА ЗА СЕДНИЦА, која особено содржи: датум, место, ден и време на одржување на седницата и предлог-дневен ред.

Член 16

Предлогот на дневен ред, за седницата на Извршниот одбор на Федерацијата, го утврдува Претседателот на Федерацијата.

Собранието може вонредно да се свика и по барање на:

- Извршниот одбор на Федерацијата;

- најмалку една третина од вкупниот број на Клубовите членки на Федерацијата;

- Одборот за контрола.

Предлогот за свикување на Собранието се доставува во писмена форма до Претседателот на Федерацијата. Во предлогот треба да се предложи и наведе дневен ред со соодветно образложение, да се достават соодветни материјали како и да биде потпишан од предлагачите од став 2 од овој член.

Вонредната седница на Собранието од став 2 од овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

Ако во рок од претходниот став Претседателот не го свика Собранието, тоа можат да го сторат предлагачите од став 2 на овој член.

Трошоците за свикување на Собранието ги сносат свикувачите на Собранието.

Предлогот на дневниот ред, по правило, се утврдува врз основа на барања од клубовите членки на Федерацијата, тренерите на државните репрезентации, претседателите

на комисиите, членовите на Извршниот одбор, претседателот на Надзорниот одбор, кои во писмена форма преку архивата се доставуваат најмалку 15 (петнаесет) дена пред одржување на седницата на Собранието.

Сите материјали пристигнати по рокот од став 2 од овој член, нема да бидат вклучени како точка на дневен ред на претстојната седница, туку ќе бидат разгледувани на наредната седница на Собранието.

Член 17

Материјалот за седницата на Собранието, содржи записник од претходната седница на Собранието.

Материјалот за седницата се доставува до членовите на Собранието и претседателот на Одборот за контрола.

Материјалот за седницата се доставува со поканата за седницата, и тоа најдоцна седумдена пред одржување на седницата.

Во исклучително итни случаеви материјалот за седница на Собранието може да се достави и во пократок рок од рокот утврден во став 3 од овој член, а по исклучок на самата седница на Собранието.

Член 18

Свикувањето на седницата на Собранието навремено се огласува со доставување на поканата.

IV ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО

1. Почеток на седницата

Член 19

Со седницата наСобранието претседава и раководи Претседателот на Федерацијата.

Во случај на спреченост на Претседателот на Федерацијата, со седницата претседава и раководи еден од членовите на Извршниот обор, што тој ќе го овласти.

Член 20

Пред отпочнување на седницата секој член на Собранието се потпишува на списокот на присутни членови, кој се води за секоја седница посебно.

Претседателот на Федерацијата (член на Извршниот одбор во негово отсуство) ја отвара седницата на Собранието предлага избор на Верификациона комисија, записничар и оверувач и на Записникот. Верификационата комисија утврдува дали на седницата присуствуваат доволен број членови за работа и полноважно одлучување, согласно службената евиденција/списокот од став 1 од овој член.

Член 21

На предлог на Претседателот на Федерацијата, Собранието го утврдува дневниот ред на седницата.

Членот на Собранието и претседателот на Надзорниот одбор, можат по исклучок и на самата седница да предлагаат измени или дополнувања на дневниот ред, но притоа се должни писмено да ја образложат потребата за негово итно решавање, за што се гласа од членовите на Собранието.

По утврдениот дневен ред може да се ограничи времето на траењето на седницата на Собранието.

Член 22

Претседателот на Федерацијата информира за оправданоста на отсуствата на членовите на Собранието.

Член 23

Претседателот на Федерацијата и стручниот соработник во канцеларијата на Федерацијата, во рамките на овластувањата и утврдената надлежност, должни се на почетокот на седницата да ги запознаат членовите на Собранието со состојбата на извршувањето на одлуките од претходната седница на Собранието, доколку тоа не е искажано во записникот од претходната седница, односно во посебен извештај.

Член 24

Пред да се помине на дневниот ред за седницата, Собранието го усвојува записникот од претходната седница, со предложените одлуки и материјали.

Записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот со усвоените забелешки и извршени измени, се смета за усвоен.

Записникот од седницата на Собранието, се озваничува со потписите на Претседателот на Федерацијата и записичарот (стручниот соработник во канцеларијата на Федерацијата), со печатот и штембилот на Федерацијата, со шифра, број и датум.

Член 25

Собранието на Федерацијата расправа и донесува соодветни заклучоци по прашањата кои се однесуваат на вкупната работа на Федерацијата, особено на прашањата кои се однесуваат на остварување на целите и задачите на Федерацијата од член 11 од Статут на КФМ и на законско работење на Федерацијата со цел да се придонесе за поголема афирмација и развој накарате спортот што се негува во Федерацијата и Клубовите, како и наФедерацијата во целина.

Собранието одлучува особено за:

1. донесување, изменување или дополнување на Статутот и Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Федерацијата;

2. утврдување на основната политика и правците на развој на карате спортот во Република РС Македонија;

3. вкупното располагање со средствата и за статусот и користењето наимотот на Федерацијата;

4. усвојување на годишните извештаи и извештаите за мандатниот периодза работа на Извршниот одбор и Стручниот совет на Федерацијата и гиобјавува на својата ВЕБ страница;

5. отстранување на недостатоците и неправилностите во работата на Федерацијата констатирани од страна на Одборот за контрола и други надлежни органи;

6. усвојување на долгорочните, среднорочните и годишните планови и програми за работа на Федерацијата;

7. донесување на критериуми за признанија и награди за членовите на Федерацијата и на дрги физички и правни лица кои со својата работа и ангажирање придонеле за развој и афирмација на Федерацијата и неговата работа;

8. избор и разрешување на Одбор за контрола и претседател и членови на Извршниот одбор на Федерацијата;

9. избор на почесни членови на Федерацијата;

10. донесување на Деловник за работа на Собранието;

11. донесување финансиски план и усвојување на завршната и периодичните сметки на Федерацијата, и ги објавува на својата ВЕБ страница;

12. донесување одлука за престанок на Федерацијата со двотретинско мнозинство;

13. расправа за постигнатите резултати за развојот на карате клубовите и дава насоки за натамошен развој;

14. врши прием на нови членови и престанок на членување во Федерацијата;

15. здружување во сојузи и други асоцијации во земјата и во странство од областа на карате спортот;

16. други прашања за кои Собранието ќе одлучи да расправа, а кои се однесуваат на остварувањето на функцијата на Федерацијата;

Собранието доставува финансиски извештај до надлежниот орган надржавната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република РС Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Член 26

Собранието за прашањата од својата надлежност, утврдени во член 32 од Статутот на КФМ и член 25 од овој Деловник, одлучува во редовна и скратена постапка.

2. Редовна постапка

Член 27

Редовната постапка за одлучување се состои од претрес по предлогот, образложение на предлагачот и одлучување по предлогот на одлуката.

Претресот по предлогот на одлуката, опфаќа општ претрес и претрес на текстот на предлогот на одлуката.

Во текот на општиот претрес се расправа принципиелно, а во текот на претресот на текстот, се расправа за конкретните одредби на текстот. Во текот на овој претрес, се одлучува и за предлозите за измена и дополнувања на предлогот на одлуката или друг акт што се претресува.

3. Скратена постапка

Член 28

Собранието, може да води скратена постапка за предлозите на сите одлуки од неговата надлежност, доколку предлогот на одлуката е донесен едногласно на седница на Извршниот одбор.

Член 29

По предлог на Претседателот на Федерацијата, Собранието може да одлучи да се спроведе скратена постапка без претрес, само ако претходно е исполнет условот од член 28 од овој Деловник.

Ако при преминувањето на одлучување, по предлогот на одлуката се укаже потреба за претрес, предлогот се издвојува и по него ќе се одлучува во редовна постапка.

Член 30

Скратената постапка се состои во одлучување по предлогот на одлу-ката без претходен претрес.

За предлозите на одлуките по кои се одлучува по скратена постапка, Собранието се произнесува согласање.

4. Одлучување

Член 31

Собранието полноважно одлучува, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 32

По предлозите на одлуките се одлучува со гласање.

При одлучувањето по предлозите на одлуките, прво се гласа за предлозите изнесени на самата седница, доколку ги има и тоа според оној ред по кој предлозите се дадени, а потоа за предлозите дадени - во материјалот за седницата.

Член 33

Гласањето е јавно, освен ако не е пропишано поинаку со закон, Статутот на Федерацијата или ако за тоа донесе одлука Собранието.

Јавното гласање се врши со дигање на рака (картонче за гласање) или поименично со прозивка, според службената евиденција.

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња во кои се утврдени изборни правила, а го спроведува Комисија за спроведување на гласењето, која на предлог на Претседателот на Федерациијата ја избира Собранието.

Членовите на Собранието, при јавното гласање гласаат на тој начин што се изјаснуваат „ЗА“ („ДА“), „ПРОТИВ“ („НЕ“) предлогот на одлуката или како „ВОЗДРЖАН“ од гласањето, во зависност од карактерот на прашањето за кое се гласа.

Членовите на Собранието, при тајното гласање гласаат на тој начин што се изјаснуваат со заокружување на зборот „ЗА“ („ДА“), „ПРОТИВ“ („НЕ“).

Член 34

По завршеното гласање, Претседателот на Федерацијата, ги утврдува резултатите од гласањето.

Резултатот од гласањето, се утврдува врз основа на бројот на гласовите дадени „ЗА“ или „ПРОТИВ“предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката е ПРИФАТЕН и одлуката по предлогот е ДОНЕСЕНА, ако за неа се изјасниле мнозинство од присутните членови на Собранието.

По завршувањето на утврдувањето на резултатите од гласањето - Претседателот на Федерацијата ОБЈАВУВА каква одлука е донесена.

По завршувањето на тајното гласање, Комисијата за спроведување на гласењето ги утврдува резултатите, со сочинување на записник, а Претседателот на Комисијата ги соопштува / објавува резултетите пред членовите на Собранието.

5. Одложување, прекинување и заклучување на седницата

Член 35

Закажаната седница на Собранието, се одложува кога ќе се појават причини кои го оневозможуваат одржувањето на седницата во закажаниот ден.

Седницата на Собранието се одлага и по отворањето на седницата, кога ќе се утврди дека не присуствуваат доволен број членови на Собранието, за полноважна работа и одлучување.

Ако во закажаното време не е присутен потребен број на членови на Собранието, Собранието се одлага за еден час. Ако и по еден час нема доволен број на членови на Собранието, Собранието се одлага најмалку за 5 дена.

Седницата на Собранието ја одложува Претседателот на Федерацијата.

Член 36

Седницата на Собранието се прекинува во следниве случаи:

- заради одмор (пауза) во текот на седницата;

- кога поради подолго траење на седницата таа не може да се заврши истиот ден;

- кога во текот на седницата бројот на присутните членови на Собранието се намали под пропишаниот број, за полноважно одлучување;

- кога ќе дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а Претседателот на Федерацијата не е во можност со редовни мерки да го врати редот на седницата.

Седницата на Собранието ја прекинува Претседателот на Федерацијата.

Член 37

Прекинатата седница на Собранието се продолжува, најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на прекинот.

Продолжувањето на седницата која е прекината, заради случаите предвидени во член 36, став 1, алинеаја 3 и 4, го закажува Претседателот на Федерацијата, со посебна покана.

Член 38

По завршувањето на претресот и одлучувањето за сите прашања што се на дневен ред на седницата, Претседателот на Федерацијата јавно утврдува дека дневниот ред е исцрпен со што ја заклучува седницата.

Завршената седница на Собранието не може да се продолжи.

V ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ НА СЕДНИЦАТА

Член 39

Членовите на Собранието, поканетите и другите присутни на седницата на Собранието, се должни да одржуваат ред и да не го нарушуваат текот на одржувањето на седницата.

Член 40

За повреда на пропишаниот ред и нарушување на текот на одржувањето на седницата, на присутните лица можат да им се изречат следниве мерки:

- опомена,

- одземање на збори

- отстранување од седницата.

Изречените мерки за повреда на редот на седницата, се внесуваат во записникот од седницата.

Член 41

Опомената се изрекува на присутно лице кое со своето однесување и говор го нарушува редот и достоинството.

Одземањето на збор се изрекува на присутно лице кое со своето однесување и говор го нарушува редот, не се држи до утврдениот ред, не го почитува договореното време за дискусија и др., а кое претходно е опоменето на истата седница.

Отстранување од седницата се изрекува на лице на кое му е изречена опомена и одземање на зборот и кое и понатаму продолжува со своето однесување и говор да го нарушува редот и не се држи до утврдениот ред на Седницата.

Мерките „опомена“, „одземање на збор“ и „отстранување од седницата“ ги изрекува Претседателот на Федерацијата, односно во негово отсуство членот на Извршниот одбор кој ја води седницата.

VI ИЗРЕКУВАЊЕ МЕРКИ ЗАРАДИ НЕПРИСУСТВО НА СЕДНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО

Член 42

Против членовите наСобранието кои не го најавиле своето отсуство или неоправдано отсуствувале од седниците на Собранието, Претседателот на Федерацијата превзема соодветни казнени мерки:

- јавна опомена;

- предлог за разрешување од член на Собранието, за повеќе од три неоправдани отсуствувања од седниците на Собранието.

VII АКТИ НА СОБРАНИЕТО НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 43

Собранието на Федерацијата ги донесуа следните АКТИ:

- општи акти;

- одлуки;

- заклучоци;

- препораки.

Член 44

Општите акти (Статут, правилници, договори и деловници) се донесуваат за регулирање на општите прашања од работата и дејноста на Федерацијата и за спроведување на законите од пооделните области.

Поединечните акти што ги донесува Собранието се ОДЛУКИ што се донесуваат за регулирање на одделни прашања од дејноста на Федерацијата, за примена и конкретизација на Статутот на Федерацијата и другите општи акти, и кога се одлучува за правата и должностите на членовите на Федрацијата, спортистите и вработените во Федерацијата.

Член 45

ЗАКЛУЧОЦИ се донесуваат за процедурални прашања и прашања по коишто Собранието е надлежно да води расправа.

Со ПРЕПОРАКА се искажува став на Собранието по одделно прашање и се дава мислење за преземање на одредени мерки.

VIII ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦАТА

Член 46

На седницата на Собранието се води ЗАПИСНИК.

Во зависност од потребата и значењето на седницата, за нејзиниот целосен тек или за одделни прашања може да се води стенограма, или истата да се сними на аудио или видео лента.

Член 47

Записникот од седницата на Собранието особено содржи:

- означување на седницата (редослед и службен број);

- време и место на одржување;

- време на почеток на седницата;

- забележување на присутните лица:

(вкупен број: - присутни; отсутни; други);

- податоци за усвојување на записникот од минатата седница;

- дневен ред на седницата;

- учесници во расправата, одлучувањето и донесените одлуки;

- останати настани на седницата;

- време на заклучување на седницата.

Член 48

Секој член на Собранието, кој учествувал во расправата по определено прашање од дневниот ред, може да побара неговата дискусија да се евидентира во записник, доколку тоа го најави на самата седница. Членот на Собранието е должен да достави авторизирана дискусија, во рок од 7 (седум) дена од денот на одржувањето на седницата, во спротивно дискусијата нема да се евидентира во записникот. Текстот на авторизираната дискусија е составен дел на записникот.

Член 49

Записникот од седницата на Собранието го составува стручниот соработник вработен во Федерацијата, самостојно или со стенограф-записничар, најдоцна 20 дена од денот на одржаната седница и се доставува до членовите на Собранието и претседателот на Одборот за контрола, во електронска форма.

Составен дел на записникот во Архивата на Федерацијата се доставените материјали за седницата (записници од одржаните седници на Изаврщниот одбор, предлог-одлуки од одржаните седници на Извршниот одбор, списокот за присуство и снимениот материјал или стеногравските белешки, како и останатите работни материјали).

Член 50

Записникот од седницата на Собранието се заверува своерачно, со потпис од Претседателот на Федерацијата, записничарот и овеврувачите на записникот, и со отисок од печатот на Федерацијата.

IX ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Член 51

Сите одлуки на Собранието на Федерацијата се објавуваат на пропишаниот начин за нивното донесување на ВЕБ страната на КФМ и се доставуваат во електронска форма до членовите на Собранииеето и Одборот за контрола.

X ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

За почитување и спроведување на одредбите од Деловникот се грижи Претседателот на Федерацијата.

Член 53

Толкување на одредбите од Деловникот дава Собранието на Федерацијата.

Член 54

Измени и дополнувања на Деловникот се вршат според истата постап-ка утврдена за неговото донесување.

Член 55

Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот преставува составен дел на Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија донесен од страна на КФМ на ден 26.01.2019 година.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС РС МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ДЕЈАН ЧОЛЕСКИ